# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2020

*Сабота, 4 јануари 2020*

## НА ПАТ ВО СМРТ

Сатаната марливо работи. Неговото дело се огледува во збрката, во судирите и несогласувањето меѓу работниците и работодавците, во лицемерството кое се вовлекло во црквите. Сатаната ги одвлекува луѓето на места за веселба и забава, каде се јаде и се пие, за да немаат време за мирно размислување. Ги вдахнува со желба да направат нешто со што ќе се прослават. Светот чекор по чекор се враќа во состојбата која владеела во времето на Ное. Луѓето ги прават сите можни злодела. Телесните желби, желбата на очите, злоупотребата на моќта, суровоста и силата која се користи со цел да се наведат луѓето да пристапат кон разни здруженија, врзувајќи се самите себе во снопови за последниот голем оган - сѐ е тоа дело на сатанските орудија. Овој круг на злодела и безумства луѓето го нарекуваат „живот“...

Светот кој се однесува како да нема Бог, западнат во себични тежнеења, наскоро ќе доживее ненадејно уништување и нема да го одбегне. Многумина продолжуваат со живот полн со безгрижно задоволување на своите страсти, додека сето тоа толку не им се згади, што си го одземаат својот живот. Со игранки, коцкање, пијанства, пуше-ње, со задоволување на своите животински страсти тие одат како вол на колење. Сатаната се користи со сите свои можни трикови и со сета заводливост да ги натера луѓето и понатаму слепо да одат во пропаст додека Бог не стане од своето место да ги казни жителите на земјата за нивните безбожни дела. Земјата тогаш ќе ја открие пролиената крв и повеќе нема да ги покрива своите мртви. Целиот свет оди во смрт.

Мажите и жените се повеќе се сплеткуваат во деловни врски. Тие незауздано работат на ѕидање на градбата чии врвови се издигнуваат високо кон небото. Главите им се полни со планови и славољубиви идеи.

Наредено ми е да ја објавам пораката дека градовите кои се полни со престап, со беззаконие и неморал ќе бидат уништени со земјотреси, со оган и со вода. Целиот свет ќе сфати дека постои Бог кој ќе го истакне својот божествен авторитет. Неговите невидливи орудија ќе предизвикаат уништување, пустош и смрт. Сите насобрани богатства тогаш ништо нема да вредат...

Ќе дојдат несреќи - најстрашни и најмалку очекувани; овие пустошења ќе се нижат едно по друго. Ако се послушаат опомените коишто ги дал Бог, ако црквите се покаат и се вратат на својата верност, другите градови ќе можат да бидат поштедени за некое извесно време. Меѓутоа, ако луѓето кои биле заведени продолжат да одат по патот по кој оделе, не обѕрнувајќи се на Божјиот закон и изнесувајќи лаги на другите, Бог нема да дозволи на нив да дојдат неволји за да се разбудат...

Господ нема одненадеж да ги отфрли сите престапници ниту да уништи цели народи, но ќе ги казни градовите и местата во кои луѓето се предавале на власта на сатанските орудија. Бог строго ќе постапува со големите градови; меѓутоа, на нив нема да дојде силата на Божјиот гнев, затоа што некои души сепак ќе се истргнат од стапицата на непријателските лаги и ќе се обратат, додека останатите ќе натрупуваат гнев за Денот на судот.

**Разбудете го народот**

Додека бев во Ломалинда, Калифорнија, на 16 април 1906 година ми беше прикажана многу возбудлива слика. Во ноќна визија стоев на едно ритче од кое можев да ги посматрам куќите како се лулаат и навалуваат како трска на ветрот. Се рушеа големи и мали згради. Местата за забава, театарските дворани, хотелите и куќите на богатите луѓе се тресеа и се урваа. Многу животи беа уништени, додека низ воздухот се огласуваа лелекања на ранети и на луѓе обземени со паника.

Божјите ангели кои имале задача да уништуваат биле на дело. Не еден допир, зградите кои биле толку совршено конструирани што луѓето се сметале сигурни од секоја опасност, брзо се претвориле во купишта ѓубре. Ниедно место не пружаше сигурност. Не чувствував дека се наоѓам во некоја посебна опасност, но ми недостасуваат зборови со кои би ја опишала ужасната слика која се наоѓаше пред мене. Ми се чинеше дека дојде крај на Божјето трпение и дека настапи Денот на судот.

Ангелот кој стоеше покрај мене ми рече дека многу малку луѓе имаат некаква претстава за расипаноста која владее во овој свет, а посебно за расипаноста на големите градови. Рече дека Бог одредил време кога во гнев ќе ги казни престапниците кои упорно го кршат неговиот Закон.

Ужасните призори кои ми беа прикажани, на мојот ум му оставија толку длабока порака во врска со тоа. Ангелот кој стоеше пред мене ми објави дека Божјето врвно владетелство и светоста на неговиот Закон мора да им се открие на оние кои упорно одбиваат да покажат послушност на Царот над царевите. Оние кои ќе се одлучат да останат непокорни, мора да бидат казнети од судовите на милоста за да можат, ако е тоа можно, да се разбудат и да ја увидат злата природа на својот пат.

Во сите наши цркви имаме луѓе кои би требало да работат во активна служба и да му ја изнесат на паднатиот свет последната вест на опомена. Делото на обратување на душите кон Христа, кое одамна требаше да биде во тек, сѐ уште не е извршено. Грубо сме ги занемарувале жителите на безбожните градови, кои наскоро ќе бидат погодени со неволјите. Сите треба да се опоменат за судовите кои ќе дојдат. Кој, за довршување на ова дело, ќе даде служба со цело срце, каква што Бог единствено бара?

О, кога Божјиот народ би бил свесен за несреќите кои им се закануваат на илјадници градови, денес скоро потполно предадени на идолопоклонство.

**Забрзајте ја работата**

Додека размислувам за настаните во градовите кои очигледно се под власт на сатаната, се прашувам како ќе се заврши сето тоа. Расипаноста во многу градови сѐ повеќе се шири. Насекаде околу нас сме сведоци за злодела и неправди. Општеството се запознава со сѐ понови облици на идолопоклонства. Во секоја земја луѓето се обидуваат да пронајдат нешто ново. Насекаде се шират лекомисленост во постапките и општа збрканост. Несомнено, градовите на оваа земја стануваат како што биле Содом и Гомора.

Ние како народ треба да го забрзаме делото во големите градови, кои го спречуваа недостаток на работници, средства и дух на посветување. Во ова време Божјиот народ треба потполно да ги обрати своите срца кон Господа „затоа што се приближи крајот на сѐ".

Да ги понизиме своите срца и да ја послушаме Божјата волја; сериозно да се трудиме да го извршиме она што Бог покажал дека е потребно за да ги опоменеме градовите на кои им се приближува момент на осуда. (Е. Г. В).

*Сабота, 1 февруари 2020*

## „НЕ СЕ ПЛАШИ, ЦРВУ ЈАКОВЕ..."

Пред нас се најсвечени и најголеми настани во адвентното движење. Целиот свет треба да биде осветлен со славата на евангелската вест. Прекрасна мисла! Ова треба да го одушеви секој верник. Но во таа мисла се крие и една опасност за нас. Можеби длабоко во нашата душа копнееме за времето кога сите луѓе ќе зборуваат убаво за нас, кога сите ќе се восхитуваат на нашата организација, кога за нас ќе се зборува како за големи луѓе на едно големо движење. Ако тој ден некогаш дојде, тогаш ни се закануваа пропаст. Други движења тргнале по истиот пат и ја

искусиле духовната пропаст. Горделивоста и славата им го одзема она што на почетокот ги правело големи.

Колку е подмолен гревот на горделивоста! Тој може да се развие и во срцето на проповедникот како и во срцето на верникот. Горделивоста е најлошиот грев, затоа што таа е извор на гревот. Таа го вдахнала Луцифера да го посака Божјиот престол. Таа на крајот го лишила од неговото место на небото. Божјиот Син морал да го даде својот живот за да нѐ спаси од горделивоста. Од друга страна, пак, понизноста е најголемата доблест, затоа што понизноста ни го даде Спасителот!

Пред многу години Господовата слугинка ги советувала проповедниците понизно да живеат пред Господа. „Ние немаме меѓу нас големи луѓе", напишала таа, „и никој не треба да се обидува себеси да се направи она што не е. Бидете мали луѓе кои расправаат за големи работи".

Не е лесно да се биде мал. Сите потајно сакаме да бидеме големи. Меѓутоа, нашиот духовен успех лежи во тоа да бидеме мали. На презрените заробеници во Вавилон Господ им рекол: „Не се плаши црву Јакове, малуброен Израиле, - Јас ти помагам... Ете, Јас ќе те направам остар дикел, нов, назабен; ти ќе ги кршиш и ќе ги ситниш палнините и ридовите ќе ги напрвиш како прав! (Исаија 41,14.15).

Каква спротивност! - црв и остра направа со запци за вршење. Овде станува збор за две методи на работа - ***телесна*** метода и ***духовна*** метода.

На човечката природа не ѝ се допаѓаа оваа слика - сликата на црв. Во многу нови текстови тој израз е изоставен. Да, помислата за „црв" не му се допаѓа на човекот.

Меѓутоа, сам Господ станал „црв, а не човек", за да нѐ откупи нас, грешните и беспомошни луѓе (Псалм 22,6).

Некој добро рекол: „Бог може да употреби црв за да го изора ридот, само ако црвот не се спротивстави или не почне да се надева на себе".

**Бог употребува обични луѓе**

Бидејќи Израел бил во опасност да каже: „Мојата рака ме спаси“, Господ му рекол на Гедеон да го смали бројот на војниците. Гедеон можеби очајувал кога му останале само 300 војници. Но овие малубројни борци биле луѓе од кои била искоренета сета плева од самодоверба. Тоа не биле школувани борци. Самиот Гедеон бил земјоделец. Тој не носел никакви награди. Но, тој и неговите триста луѓе биле луѓе на верата, луѓе кои не се надевале во телото, туку само на Бога. Тие биле готови да го изложат својот живот на смрт и стоеле со скршени стомни како лесен плен за непријателот.

Ние се чудиме на едноставноста на оваа метода. Војниците на Гедеон не биле извежбани луѓе ниту, пак, имале обично воено оружје.

Скршените стомни, викањето и светилките изгледале многу смешно. Но Бог им дал победа. Со големо задоволство го читаме описот на Гедеоновата победа; но ако се преиспитуваме самите себе, можеби во нас ќе се појави сомнеж дека истите методи би можеле и денес да имаат успех. Што мислиме ние за методата на скршените стомни-светилки? Дали сме подготвени да бидеме скршени стомни за да може Божјата светлина јасно да заблеска или мислиме дека мораме да се наоружаме со науките на овој свет за да не нè сметаат за црв.

Кога Павле дошол во Коринт, тој не се истакнувал со својот дар на говор или со световна мудрост. За бистрите Коринќани неговиот говор бил слаб, но тој сепак таму основал црква.

Кога за себеси зборувал како за водач на црквата, тој рекол: „Зашто ми се чини, Бог нè постави нас апостолите најпоследни, како осудени на смрт; зашто им станавме призор на светот, и на ангелите и на луѓето“ (1. Коринќаните 4,9).

Мофат преведува: „Затоа што Бог, ми се чини, нас апостолите нè направи најпоследни меѓу луѓето, како на смрт осудени гладијатори во арена!“

Поради Христа, овие водачи станале луѓе. „Ние сме безумни заради Христа, а вие сте мудри во Христа! Ние сме слаби, а вие, јаки; вие сте славни, а ние без чест. До овој час гладуваме и жеднееме, и необлечени сме, и нè бијат, и скитаме, и се трудиме работејќи со своите раце. Кога нè навредуваат, ние благословуваме; кога нè гонат, ние поднесуваме; кога н клеветат ние се обраќаме благо. Станавме како нечистотија на светот, како смет исфрлен од сите, сè досега“ (1. Коринќаните 4,10-13). Колкава разлика меѓу нив и многумина од нас денес!

Сепак, тоа биле луѓе кои го преобразиле тогашниот свет. И тоа тие го направиле во текот на една генерација! Тие не тежеле за популарност, за престиж. Тоа биле понизни луѓе, толку понизни што Бог можел да ги направи големи. И Саул бил голем кога бил мал во своите очи. Но неговото срце се исполнило со суета, вообразеност и тој го изгубил Божјето царство.

Спротивно на човечката мудрост, Божјиот пат е пат на понизноста и по тој пат можеме да одиме толку далку колку што сакаме. „Срамотата на крстот“ денес е исто толку голема како и во деновите а апостол Павле. Но само кога Христовата смрт ја носиме на себе, тогаш светот ќе види дека во на отсјајува убавината на Сонцето на Правдата.

Таткото му ги покажувал на своето синче црковните прозорци на кои некои стакла биле вистински ремек дела на сликање на стакло. На својот мал син таткото му поставил прашање: „Сине, кажи ми на кое стакло се насликани светците?“

„Тато, јас го знам тоа! Светци се оние низ кои поминува светлината“.

Ние не мора да бидеме мртви сто години за да станеме светци. Сите ние треба да бидеме мртви на телото, желбите и световната мудрост, така што Божјата светлина ќе може да свети низ нас.

Кога ќе дојде време веста да се објави со поголема сила, „Господ ќе работи преку своите понизни орудија, водејќи ги мислите на оние кои се посветиле на неговата служба... Света ревност

ќе ги натера луѓето од вера и молитва да тргнат и да ја проповедаат Речта која Бог им ја дава... Илјадници и илјадници луѓе кои таквите зборови никогаш не ги слушнале сега ќе слушаат“ (Евангелизам, стр. 526).

„За времето на гласната вика црквата, помогната од милостивото посредување на својот славен Господар, ќе ја разнесе веста за спасението толку обилно, што секој град и секое село ќе биде осветлено. Земјата ќе биде полна со знаење за спасението. Божјиот Дух кој обновува ќе ја круниса со успех ревноста и заземањето на Божјите луѓе толку обилно што насекаде ќе се гледа отсјајот на светлината на сегашната вистина“ (Евангелизам, стр. 522). Бог нека го забрза тој ден!

*Сабота, 7 март 2020*

## ВАКА ПОСТАПУВАЛ ИСУС

**Методите што ги применувал Исус**:

**1. Замолете за некоја услуга**

Понекогаш, во разговор со пријателите за религиски теми најтежок е првиот чекор. Исус го почнал својот разговор со самарјанката и ја замолил: „Дај ми да пијам!“ Така обично постапувал со луѓето на кои сакал да им помогне. Тогаш бил сигурен дека ќе го привлече нивното внимание и дека ќе добие позитивен одговор.

Ако вие се обраќате некому, знаејќи дека го имате она што му е потребно, нема да влијаете на неговата волја, ниту ќе се обидувате во него да предизвикате одушевување и да разбудите интерес. Меѓутоа, ако го замолите да ви помогне, ќе го постигнете саканиот успех.

Пример за тоа е мажот на една наша сестра во Америка. Многу било тешко да се допре до него, а таа толку сакала и тој да ја запознае Божјата љубов. Бидејќи во нејзиното место го поставувавме шаторот во кој сакавме да одржуваме богослуженија, го замоливме нејзиниот маж да ни помогне, давајќи му најголема одговорност. Подоцна тој признава:

„Се одлучив да станам адвентист во моментите кога најмногу го влечев јажето и најмногу се потев".

Тоа е основен закон на човечката природа - ако ги замолиме другите за услуга, ние стануваме нивни должници и за возврат можеме да им понудиме она што ним им е потребно - а ние го имаме.

Исус прво ја замолил жената да пие. Тој не го започнал разговорот со тема за саботата, за состојбата на мртвите, за нечистата храна... Тој се обидел да ја задобие довербата на оваа Самарјанка замолувајќи ја да му направи една услуга. Тоа било патот до поважни теми.

**2. Мислете на интересите на другите**

Првиот придобивач на души - човекот кој настојува својата вера да ја сподели со другите - мора да заборави на себе и да мисли на другите и на нивните интереси. Многу млади луѓе веќе ја научиле оваа тајна и затоа се омилени кај своите пријатели. Ако го занемариме своето јас и им се приближиме на другите со искрена желба да ги разбереме и да учествуваме во нивните интереси, сигурно ќе ги доведеме кај Христа. Иако луѓето нерадо се отвораат, понекогаш имаат потреба да го отворат своето срце на некого во кого имаат доверба и кој покажува разбирање. Од друга страна, не бидете обесхрабрени ако луѓето пред вас дигаат огради.

Кога Самарјанката ја спомнала вечната омраза меѓу Евреите и Самарјаните, тој ја вратил на својата замисла зборувајќи за многу позначаен предмет од оној кој таа го започнала. Исто

така мора и ние своите пријатели да ги поттикнеме да размислуваат за она што е најважно.

**3. Покажете им доверба**

Можеби е тешко, но ако сме искрени, можеме да ја придобиеме секоја душа. Ако сакаме да помогнеме на луѓето да се одлучат за Нога, мора да мислиме на нив, без оглед на она што се и колку духовно се паднати. Да не им зборуваме за нивните лоши страни на карактерот, туку многу повеќе да им зборуваме колку можат да станат подобри во Христа.

Господинот Е. Стенли рекол една поучна мисла: „Ако луѓето ги прекорувате, тие ќе ја наведнат својата глава; но ако верувате во нив, тие ќе се разведрат". За да ја придобиете довербата на своите ближни покажете им доверба.

**4. Избегнувајте расправии за точките на верата**

Душите не се здобиваат со докажување и со расправии. Често пати слушателите сакаат да нè принудат да го загубиме правецот на своите мисли. Самарјанката се обидела тоа да го направи кога му рекла на Исуса: „Зар ти си поголем од нашиот татко Јаков?" Исус можел да се впушти во расправа за оваа тема при што секако би ја побил со своите зборови. Меѓутоа, Тој не го сакал тоа, затоа што знаел дека една душа би била загубена. Луѓето и денес сакаат да прават споредба. Тие, на пример, велат: „Зошто мислите дека сте во право вие, црква со помал број верници, а не некои познати цркви со многубројно членство". Во никој случај не се впуштајте во расправа за точки од доктрината по кои црквите се разликуваат, затоа што сигурно ќе се отвори расправа, а најверојатно ќе ги загубите тие души.

Меѓутоа, постојат моменти кога мора да се заземе став кон определени спорни прашања и да се расправа за важни библиски вистини. Во тоа треба да се покаже многу такт и слух. Праксата покажала дека често пати оние со кои дискутираме брзаат и

допираат прашања за кои сè уште не се подготвени. Потребно е да направиме сè што е во наша моќ душата темелно да ја приготвиме пред да се соочи со вистините кои потешко се разбираат; најдобар пат е најпрво да укажеме на потребата истрајно да го бараат Спасителот. Малкумина од нив навистина ја разбираат Божјата реч и за нив би било големо обесхрабрување кога веднаш на почетокот би се изнеле одговори кои тие воопшто не ги сфаќаат.

Прво мора да ги доведеме кај Исуса и во нивните срца да се разбуди чувство за бескрајна љубов кон Спасителот, кој го дал својот живот за спасение на сите луѓе. Мора да им помогнеме да се уверат дека се прифатени и дека им се простени гревовите. Дури тогаш имаме задача да ги запознаеме со Божјиот план за нивниот живот.

Како што видовме, Исус не чекал некоја посебна околност ниту драматични моменти за да ја подели својата вера со другите. Тој ги користи приликите на секојдневниот живот. Бил уморен и се одморал; тогаш дошла една жена, Тој ја замолил за услуга и разговорот почнал.

Секојдневно ни се нудат вакви можности. Да сфатиме дека Христовите методи не можат да се усовршуваат. Би требало сè повеќе да се задлабочуваме во нив за се оспособиме, во своите напори за спасение на душите, да ги направиме да станат наши методи.

**5. Учете ги другите да се молат**

Во секој живот постои проблемот на гревот. Наша задача е на своите пријатели да им помогнеме да ја увидат неопходноста да ги признаат своите гревови и да се молат за простување; тогаш Светиот Дух може да делува во нив.

Посматрајте го природниот и љубезен начин на кој Исус дошол до срцевината на проблемот кај Самарјанката. Тој рекол: „Оди и повикај го твојот маж“. Овој едноставен налог ја поттик-

нал да ја признае својата положба: „Немам маж“. Таа ги признала своите гревови на Исуса. Но за нас луѓето не е мудро - барем не во повеќето случаи - да очекуваме другите да ни ги набројуваат гревовите. Наша должност е да ги насочиме мислите на луѓето кон Бога, кој единствено може да прости и да спаси. Во ова мора да постапуваме со нежност и со добрина.

Да се поттикне некој да ги изнесе пред Бога своите борби и своите потреби, тоа ќе донесе добар плод. Со пријателот со кој проучуваме, треба да покажеме пример на едноставна молитва. Таквата личност често треба да се остави прва да се моли. Нашите молитви, кои потоа ќе следат, мора исто така да бидат едноставни; да не заборавиме да се молиме на Господа да ги услиши молитвите кои тукуштo се подигнале кон неговиот престол.

Пред неколку години еден млад адвентист имал предност да се запознае со одреден политички водач. Политичарот бил од царско семејство и владеел со голем дел од царството. Случајно се сретнал со некое момче адвентист и воодушевен од познанството, го повикал во својата канцеларија со него да ја проучува Библијата. Во договорениот ден нашиот брат бојазливо се приближил кон раскошната градба. Меѓутоа царскиот домаќин го примил многу љубезно и за време на оваа посета ги оставил на страна сите други обврски.

Шефот на државата, кој не знаел ништо за религијата, бил како дете отворен да дознае нешто за Божјата љубов. Братот му предложил разговорот да го започнат со молитва, на што домаќинот забележал: „А како да се молиме?“ Двајцата клекнале и нашиот брат го научил овој политичар како да се моли. По извесно време владетелот зазел позитивен став кон вистината и станал благослов за својот народ.

Драги браќа и сестри и вие можете, почесто отколку што мислите, да им помагате на луѓето да научат да се молат. Обидете се поскоро. Молете се Бог да ви даде мудрост.

Оној на кого сакате да му помогнете, замолете го за некоја

услуга; мислете на неговите интереси; укажете му доверба; не впуштајте се во расправии за верата; научете го да се моли.

Вака постапил Исус - а и вам ќе ви донесе успех.

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
1/2020

Мисионски проповеди

Излегува тримесечно

*Издава:*
Христијанска адвентистичка црква,
црква на адвентистите на седмиот ден

*Коректура:*
Томе Трајков

*Одговара:*
Томе Трајков

*Превод и подготовка:*
Мелита Томовска

*За интерна употреба*